Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детската фондација Песталоззи

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

# ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТСКИ УСЛУГИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПОЧЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА”

Октомври 2023, Прилеп

MACEDONIAN
CIVIC
EDUCATION
CENTER

**Коалицијата на младински организации СЕГА, за потребите од спроведување на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци, објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТСКИ УСЛУГИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОЧЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, го спроведува проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во периодот септември 2023 – август 2026 година.

Целта на проектот е да придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Оваа цел ќе се постигне преку (1) подобрена имплементација на законските одредби за ученичко учество во процесите на донесување одлуки и заштита на децата, (2) зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство и (3) примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички.

## 2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

За остварување на поставените цели, меѓу другото, проектот преку ангажирање на експерт, ќе спроведе Почетно истражување во избраните проектни основни и средни училишта. Експертот ќе биде ангажиран да креира соодветни методи и алатки за прибирање податоци во однос на знаењата и ставовите на учениците, наставниците, стручните соработници и управата во однос на постоењето насилство, решавање конфликти, ученичко учество, политики и практики за заштита на децата, во согласност со индикаторите дефинирани во Логичката Рамка на проектот. Исто така, родовата перспектива во ученичкото учество и заштитата од насилство врз децата треба да биде земена предвид при развивањето на методологијата. При креирањето методи и алатки, треба да се почитува пристапот на цело училиште (whole-school approach). Податоците од почетното истражување ќе се користат како ресурс за адаптирање на проектните интервенции како и за мерење на напредокот на проектот.

## 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираниот експерт/ка ќе биде одговорен/на за следните задачи:

**Задача 1: Почетно истражување**

- Подготовка на анкетни прашалници за Почетно истражување за: ученици (13 – 18 години), родители, наставници, стручни соработници и директори на училишта
- Обработка на податоци од спроведена анкета

** Првото Почетно истражување ќе се спроведе во 13 основни и 12 средни училишта, во ноември 2023 година. Второто Почетно истражување ќе се спроведе во септември - октомври 2024 година, со нови 13 основни и 12 средни училишта, користејќи ја веќе подготвената методологија.*

**Задача 2: Мониторинг на спроведување на проектот** (според индикаторите утврдени со Логичката рамка на проектот)

- Подготовка на анкетни прашалници за проверка на постигнатост на индикатори за: ученици, наставници, стручни соработници и директори
- Подготовка на Упатство за дискусии во фокус групи со ученици, наставници, стручни соработници, директори, родители, студенти на педагошки факултети.
- Обработка на податоци од Мониторинг

Ангажираниот експерт ќе ги анализира податоците и ќе генерира квантитативни и квалитативни анализи, како и препораки кои што ќе се користат исклучиво за потребите на планирање и известување во проектот.

** Анкетата ќе се спроведува онлајн со примена на алатката SurveyMonkey. Идентификувањето на испитаници и дисеминацијата на истражувачките алатки ќе го спроведе тимот на проектот.*
**** Фокус групите ќе бидат спроведени со физичко присуство, од страна на надворешни соработници ангажирани од Проектот а врз основа на изготвеното упатство*

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ

- Завршени додипломски студии во полето на општествени науки или сродни области на предложениот експерт (експертите со завршени постдипломски и/или докторски студии ќе имаат предност)
- Најмалку 5 години искуство во истражувања и анализи со фокус на образовни политики,
- Напредни истражувачки и аналитички способности
- Познавање и примена на програми за статистичка обработка на податоци
- Водечка улога како експерт во најмалку 2 истражувања (вклучувајќи период, локација, детали за контакт за референци, позиција на експертот и опис на ангажманот)

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Експертот кој ќе биде ангажиран ќе треба да ги спроведе работните задачи во рамки на **30 работни дена** во периодот ноември 2023 – август 2026 година со следната динамика:

| **Опис на задача** | **Број на денови** | **Период на испорака** |
|---|---|---|
| **Задача 1: Почетно истражување** | | |
| 1. Подготовка на прашалници за Почетно истражување | 5 | 03 – 10 ноември 2023 |
| 2. Обработка на податоци од Прво Почетно истражување | 2,5 | 27 ноември – 06 декември 2023 |
| 3. Обработка на податоци од Второ Почетно истражување | 2,5 | Септември - Октомври – 2024 |
| **Задача 2: Мониторинг на спроведување на проектот** | | |
| 4. Подготовка на прашалници за проверка на индикатори | 3 | 08 – 20 ноември 2023 |
| 5. Подготовка на Упатство за дискусии во фокус групи | 2 | 08 – 20 ноември 2023 |
| 6. Обработка на податоци од Мониторинг 2024 | 5 | Мај – јуни 2024 |
| 7. Обработка на податоци од Мониторинг 2025 | 5 | Мај – јуни 2025 |
| 8. Обработка на податоци од Мониторинг 2026 | 5 | Мај – јуни 2026 |
| **ВКУПНО РАБОТНИ ДЕНОВИ** | **30** | |

За секој работен ден предвиден е надоместок од **6.000,00 МКД во нето износ** кои ќе бидат исплатени по комплетирање на задачите (по комплетиран и одобрен продукт, доставена временска табела и Изјава за извршена работа) на 4 рати во согласност со предвидените работни денови:

| | |
|---|---|
| Прва рата: | По завршување на активностите 1, 2, 4 и 5, во времетраење од **12,5 работни денови** |
| Втора рата: | По завршување на задача 6, во времетраење од **5 работни денови** |
| Трета рата: | По завршување на задача 3, во времетраење од **2,5 работни денови** |
| Четврта рата: | По завршување на задача 7, во времетраење од **5 работни денови** |
| Петта рата: | По завршување на задача 8, во времетраење од **5 работни денови** |

## 6. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен. Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

- Професионална биографија (CV)
- Примерок / активен линк од два изработени истражувачки продукти

Документацијата треба да се на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: Пријава на јавен повик за Експертски услуги за подготовка на почетно истражување.

**Краен рок за доставување на апликациите е 02 ноември 2023 година.**

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на пријавување на кандидатите.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk, најдоцна до 30.10.2023 година.